26002

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
СКОПЈЕ
31. JAN. 1980 5116, 15,

### ОДЛУКА НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА НА СКОПЈЕ

# НАГРАДИ ЗА РЕЗУЛТАТИ

**— ЗА УСПЕШНИ ОСТВАРУВАЊА НА СВОИТЕ АКТИВНОСТИ И ЗА ВОНРЕДНИ РЕЗУЛТАТИ СИЗ-ОТ ПАРИЧНО ГИ НАГРАДИ ДРАМСКИОТ ТЕАТАР, МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ, МАКЕДОНСКАТА ФИЛХАРМОНИЈА, БИБЛИОТЕКАТА „БРАКА МИЛАДИНОВЦИ" И ТЕАТАРОТ „ЧЕКОРИ"**

**СОБРАНИЕТО НА САМОУПРАВНАТА** интересна заедница на културата на Скопје вчера ја верифицира одлуката на пет скопски организации на здружен труд што се здружени во оваа Заедница на културата да им се доделат награди заради своите посебни



СЦЕНА ОД ПРЕТСТАВАТА „ОСЛОБОДУВАЊЕ НА СКОПЈЕ" КОЈА НА ДРАМСКИОТ ТЕАТАР МУ ДОНЕСЕ ГОЛЕМИ УСПЕСИ И ПРИЗНАНИЈА

резултати во работата во текот на 1979 година.

**БЕЗ КОНКУРЕНЦИЈА,** првото место во оваа награда го зазема скопскиот Драмски театар, со парична висина на наградата од 300.000 динари. Потоа следуваат: Музејот за современа уметност и Македонската филхармонија со по 250.000 динари, Библиотеката „Браќа Миладиновци" со 150.000 динари и Театарот „Чекори" при Домот на културата „Кочо Рацин" со 50.000 динари.

**ОВАА НАГРАДА ШТО СИЗ-от** на културата на Скопје ја зацрта во својата самоуправна спогодба за слободна размена на трудот уште во 1977 година, првпат се применува годинава. Височината на вкупниот паричен фонд на наградата е 1.000.000 динари. Нејзината цел е да се вреднува работењето и постигнатите резултати на давателите на културните услуги. Или попрецизно речено: оваа награда и висината на нејзиниот паричен износ ќе ја заслужат оние културни институции кои во текот на претходната календарска година имале посебно остварени резултати во извршувањето на договорените програмски задачи!

**ПРВИВЕ ПЕТ ДОБИТНИЦИ** на ова мошне стимулативно признание се избрани од работно тело формирано од Заедницата, кое, да го спомeнеме и овој податок, ги одвои откако ги разгледа постигнувањата на 30 културни институции во градот.

**ДА СПОМЕНЕМЕ И ДЕЛ** од образложенијата што ги аргументираат заслужените награди:

**УСПЕШНОТО РАБОТЕЊЕ** на Драмскиот театар го потврдуваат севкупните активности на овој вреден работен колектив кој во текот на годината оствари седум премиерни изведби, прикажа 235 претстави следени од 78.000 гледачи. Драмскиот театар развива и други активности што зборуваат за неговата постојана ангажираност: свечено се отворени бисти на основоположниците на македонската драмска литература и театар: Јордан Хаџи-Константинов — Џинот, Војдан Чернодрински, Антон Панов и Ристо Крле. „Театарскиот гласник" претставува сериозен чекор и несомнен придонес за издавање на списание за театарска уметност... „Сето ова уште е аргументирано и со наброените постигнати резултати и успеси на претставите: „Ослободувањето на Скопје и неговиот триумф на МЕСС, „Шекспир во приказни", „Солунски патрдии" и 100-тата претстава на „Јане Задрогаз" и 150-тата претстава на „Болва во уво".

**„МУЗЕЈОТ ЗА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ** на Скопје, е речено во образложението, во своето работење во текот на минатата година постигна видни резултати". Во нив спомената е активноста од организирањето на изложбите во Дубровник, Сараево, Љубљана, Белград, Бредфорд (В. Британија), остварени подароци од 88 уметнички дела од Грција, Романија, Франција, како и подготовки на ретроспективни изложби од наши уметници...

**„МАКЕДОНСКАТА ФИЛХАРМОНИЈА** со голем успех ја реализира програмата за работа за 1979 година. За одбележување е успешната соработка со музичко-сценските состави на МНТ, РТВС, Друштвото на композиторите на Македонија и со повеќе музички уметници од нашата земја. Таа одржа 45 концерти со успех и на уметничко ниво не само во нашата Република, туку и во другите музички средини не само во нашата земја, туку и надвор од неа..."

**„БИБЛИОТЕКАТА „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ"** покрај својата редовна дејност, реализира и повеќе форми на популаризација на книгата..."

„Театарот „Чекори" постигна особени резултати и посебен успех со претставата „Од онаа страна на костените". Со неа оваа аматерска група нижеше успеси и признанија.

**Ц. ЗОЈЧЕВСКА**